РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
БР УП-1-10-2
05.02.2024 ГОД
РЕСЕН

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), член 88 од Закон за Општа Управна Постапка („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 124/2015, 65/2018) и член 50 став 1 точка 11 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/2002), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот Прима Тим ДОО, Бул. Туристичка 50 А-4 локал 7, Охрид со број УП-1-10-2 од 02.02.2024 година, Градоначалникот на Општина Ресен на ден 05.02.2024 го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер** од Прима Тим ДОО, заверено под број УП-1-10-2 од 02.02.2024 година поднесено до имателот на информацијата Општина Ресен. **СЕ УВАЖУВА**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот на информацијата Прима Тим ДОО , преку пошта на Општина Ресен поднесе барање на ден 02.02.2024 година заверено под број УП-1-10-2 со кое побара преку е-маил и преку пошта да му биде доставено електронски запис од следната информација: информација за последно важечки Службени Гласници за предвидените зони за процена на недвижен имот; Просечни цени од м2 на продадени недвижности во 2023 година; просечни цени од м2 продадени неизградени градежни земјишта и дворни места за 2023 година; просечни цени од м2 на просадено земјоделско земјиште за 2023 година населени места по групи, по катастарски култури и категории на земјиште.

Постапувајќи по барањето на барателот и по извршената проверка на побараните информации, Општина Ресен, во прилог Ви доставуваме Одлука за одредување на вредноста на градежно земјиште за градот ресен и селата во Општина Ресен и вредноста на земјоделско земјиште по катастарски општини, донесена од совет на Општина Ресен и објавен во "Службен Гласник на Општина Ресен" бр.1/2024 година.

Врз основа на горенаведеното, а во согласност со член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), Општина Ресен се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**Градоначалник на Општина Ресен**
**Јован Тозиевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РЕСЕН